# КРИК

ФЕСТИВАЛ ЗА КРИТИЧКА КУЛТУРА

1991

## Постојано во транзиција – заробеност во скршените огледала

2017



13>17-12.2017

# КРИК

КОНФРОНТАЦИЈА

КРИТИКА РЕАКЦИЈА ИДЕЈА

ФЕСТИВАЛ ЗА КРИТИЧКА КУЛТУРА



13.12 >

# ПРО-
# ГРАМА

> 17.12
2017

# 13–17 ДЕКЕМВРИ 2017

Музеј на современа уметност – Скопје

# ПОСТОЈАНО ВО ТРАНЗИЦИЈА – ЗАРОБЕНОСТ ВО СКРШЕНИТЕ ОГЛЕДАЛА

**13 ДЕКЕМВРИ**
СРЕДА
**11:00 – 17:00**

Семинарска подготовка на колаборативниот перформанс
**„ЗА НАСТАНУВАЊЕТО“**
предводена од Дмитри Виленски, Олга Егорова, Оксана Тимофеева и Нина Гастева (колектив Что делат, Русија)

## 14 ДЕКЕМВРИ ЧЕТВРТОК

**10:00 – 17:00**

Семинар за пишување критика
**„СВЕТОТ ОКОЛУ НАС – КРИТИЧКИТЕ СТАВОВИ ВО РЕГИОНОТ“**
– Антонија Летиниќ, Лука Остојиќ, Миха Келемина и Лара Плавчак

**11:00 – 17:00**

Семинарска подготовка на колаборативниот перформанс **„ЗА НАСТАНУВАЊЕТО“** предводена од Дмитри Виленски, Олга Егорова, Оксана Тимофеева и Нина Гастева (колектив *Што делат,* Русија)

**19:00**

Отворање на фестивалот:
**МИНИСТЕР ЗА КУЛТУРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА РОБЕРТ АЛАЃОЗОВСКИ**

**19:30 – 20:30**

Презентација на работата на колективот *Што делат*

**20:30 – 21:15**

**„ВЕШТЕРСТВО И СОЛИДАРНОСТ”**
– воведно предавање на Оксана Тимофеева

**21:15 – 21:50**

Проекција на филмот
**„PALACE SQUARE 100 YEARS AFTER. FOUR SEASONS OF ZOMBIE“ (2017)**

**15**
**ДЕКЕМВРИ**
петок
**10:00**
**– 17:00**

Семинар за пишување критика
**„СВЕТОТ ОКОЛУ НАС – КРИТИЧКИТЕ СТАВОВИ ВО РЕГИОНОТ“** – Антонија Летиниќ, Лука Остојиќ, Миха Келемина и Лара Плавчак

**11:00**
**– 17:00**

Семинарска подготовка на колаборативниот перформанс **„ЗА НАСТАНУВАЊЕТО“** предводена од Дмитри Виленски, Олга Егорова, Оксана Тимофеева и Нина Гастева (колектив ***Что делат***, Русија)

**20:00**
**–21:30**

**„СВЕТОТ ОКОЛУ НАС – КРИТИЧКИТЕ СТАВОВИ ВО РЕГИОНОТ“** – разговор со локални и регионални куратори и критичари
Учесници: Миљенка Буљевиќ, Антонија Летиниќ, Лука Остојиќ, Лујо Парежанин, Весна Милосављевиќ, Лара Плавчак, Миха Келемина и Небојша Вилиќ.
Модератор: Владимир Јанковски

---

**16**
**ДЕКЕМВРИ**
сабота
**10:00**
**– 17:00**

Семинар за пишување критика
**„СВЕТОТ ОКОЛУ НАС – КРИТИЧКИТЕ СТАВОВИ ВО РЕГИОНОТ“** – Антонија Летиниќ, Лука Остојиќ, Миха Келемина и Лара Плавчак

**11:00 – 17:00**

Семинарска подготовка на колаборативниот перформанс **„ЗА НАСТАНУВАЊЕТО“** предводена од Дмитри Виленски, Олга Егорова, Оксана Тимофеева и Нина Гастева (колектив *Что делат*, Русија)

**20:00 –21:30**

## „ЕФЕКТ НА ПЕПЕРУТКАТА: ОД ВЕТУВАЊЕТО НА ИНСТИТУЦИОНАЛНАТА КРИТИКА ДО ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ НА АКТИВИСТИЧКАТА УМЕТНОСТ”

– воведно предавање на Сузана Милевска

**20:45 –21:15**

Модериран разговор со Сузана Милевска

---

# 17 ДЕКЕМВРИ

недела

**11:00 – 17:00**

Семинарска подготовка на колаборативниот перформанс **„ЗА НАСТАНУВАЊЕТО“** предводена од Дмитри Виленски, Олга Егорова, Оксана Тимофеева и Нина Гастева (колектив *Что делат,* Русија)

**19:00**

Јавен перформанс

## „ЗА НАСТАНУВАЊЕТО“

на *Что делат* и локалните учесници

**21:00**

Затворање на фестивалот

ВОВЕД

# ПОСТОЈАНО ВО ТРАНЗИЦИЈА – ЗАРОБЕНОСТ ВО СКРШЕНИТЕ ОГЛЕДАЛА



*„АЛИСА:ЌЕ МИ КАЖЕШ ЛИ, ТЕ МОЛАМ, ПО КОЈ ПАТ ТРЕБА ДА ТРГНАМ ОД ОВДЕ?*

*МАЧОРОТ: ТОА ЗАВИСИ, ВО ГОЛЕМА МЕРА, ОД ТОА КАДЕ САКАШ ДА СТИГНЕШ.*

*АЛИСА: НЕ МИ Е ГАЈЛЕ КАДЕ.*

*МАЧОРОТ: ТОГАШ НЕ Е НИ ВАЖНО ПО КОЈ ПАТ ЌЕ ТРГНЕШ.*

*АЛИСА: ...СЀДОДЕКА ДА СТИГНАМ НЕКАДЕ.*

*МАЧОРОТ: АХ, СИГУРНО ЌЕ СТИГНЕШ ДОКОЛКУ ОДИШ ДОВОЛНО ДОЛГО.“*

–ЛУИС КЕРОЛ,

*АЛИСА ВО ЗЕМЈАТА НА ЧУДАТА*

КРИК – фестивал за критичка култура[1] има цел да ги промовира уметничките и културните практики како општествено релевантни алатки кои ќе придонесат за еманципација и демократизација на социо-културниот контекст. КРИК ќе застане во одбрана на правото на критичка култура, која постојано ќе ги поместува границите на еманципаторските политики во социо-културниот простор. КРИК е платформа низ која ќе се истражуваат и изучуваат можностите за проникнување меѓу естетското и политичкото, меѓу уметничките практики и нивното влијание врз пошироката демократизација на општеството, меѓу граѓанските заедници и медиумските облици на борба.

Второто издание на КРИК – фестивал за критичка култура, продолжува да ги истражува односите и проникнувањата на културата – уметноста – политичкото – политиката, преку критичка

---

1 КРИК преку своите програми ќе придонесува кон поттикнување на критичка рефлексија во однос на современите културни и уметнички практики, како и во однос на социо-културните движења. КРИК ќе ги користи критичките алатки и методологии на уметноста и културата со цел да укаже на одговорноста на културните работници, уметниците како и пошироката заедница во однос на општествените и политичките развојни процеси и промени. КРИК ги промовира и истражува односите, меѓусебните влијанија и поврзаности на релацијата уметност – политика – општество. Во рамки на КРИК ќе се промовираат социо-културните и уметничките практики како важна алатка со која може да се влијае врз општествените промени и преку која може да се укаже на важноста на граѓанското учество во подигање на свеста за улогата на културата и уметноста во развојните процеси на општествената демократизација.

рефлексија, експеримент и лабораторија преку кои ќе се преиспитуваат парадигмите на моќта, еманципаторските крстопати на политичкото и на естетското во патеката што комуницира со сите репресивни облици врз граѓанството поврзани со образовните, социјалните, културните, политичките, медиумските права и слободи.

*Постојано во транзиција – заробеност во скршените огледала* е генералната тематска поставеност на овогодинешниот КРИК, кој се реализира со партнерска соработка со Курзив и Kulturtreger од Хрватски, SCCA – Љубљана од Словенија и SEECult.org. Во рамки на фестивалот отвораме и уште една тематска линија *Светот околу нас – критичките ставови во регионот,* која се застапува за развој и релевантност на критичката валоризација на уметничката продукција, укажувајќи на нужноста за едукација на автори кои критички ќе рефлектираат во полето на современите уметнички и културни продукции во сите медиуми.

Читајќи го општествениот текст на заедничкото и поединечното, се најдовме исправени пред конфузијата што ја создава неврамената, некозистентната темпоралност врз која почива концептот на историската, но и на социо-културната транзиција.

Од формите на еманципација на работниците до режимите на идентификација со уметноста, од принципите на демократија до транзицијата во нејзините первертирани контексти, од теоријата на интелектуалната еднаквост до формите на задолжителен консензус изградени врз доминантниот апаратус, се чини дека живееме

заробени во нашиот одраз на раскршените огледала на политичкото кое го илуминира и дизајнира уметничкото. Консензусот во секој транзициски историски, социо-културен контекст ја проголтува слободата која може да ја произведе само дисензусот, само разликувањето.
Оттука го поставуваме прашањето, што е транзиција? Која беше нејзината цела? Како да процениме дали таа беше успешна или не? Дали транзицијата можеше да успее и дали таа некогаш завршува? На крај, какви идентитети произведува?

Додека го подготвуваме овогодинешното издание на фестивалот, со оглед на моменталните политички промени во Македонија, но и пошироко во Европа, се запрашавме: кои се нашите очекувања од надоаѓачките социо-политички промени и како ние гледаме на моменталните промени што го ре.оформуваат нашето општество?

Сакајќи да ги истакнеме формите на отпор кон тиранијата на транзицискиот, проектен начин на создавање и мислење на слободата, на идентитетите, на „новото", на современоста низ овогодинешното издание на КРИК се обидуваме да ги истражиме различните практики и знаења кои имплицираат одредена картографија на заедничката културна, уметничка и политичка меморија на копнежот за промена, имајќи ги на ум пресвртните мигови како Октомвриската револуција, Француската буржоаска револуција, па сè до нашите социјалистичко-капиталистички транзициони модуси во кои се родија новите травестирани популизми, политички и уметнички процедурални бирократизми и центрирани „демократско-граѓански" авторитаризми.
Она што нè засега во нашата долгорочно

истражувачка, но и применлива практика на „лабораториите на параестетското", низ која се застапуваме за критичката релација на уметничкото и политичкото, овој пат го артикулираме низ темата *Постојано во транзиција – заробеност во скршените огледала.* Низ оваа тема ќе се проблематизираат разните наличја на побуната во уметноста, која често наликува на стратегиите кои ги нудат цитатот, колажот, монтажата. Затоа, неретко, сведочиме на нејзината миговност, привременост, неконзистентност „проектност". И токму затоа, таа ја губи својата вредност на концентрација која може да предизвика промена и добива „билборд" популистичка семантика, наметната од доминантните наративи на моќта. Едно од прашањата низ кои сме заталкани во уметничкиот и во политичкиот контекст е отсуството на онтолошката рамка во која јасно ќе се покаже дека се поставува наспроти секој облик на власт кој не дозволува артикулација на слободата, и го отвора прашањето за „изневерените револуции". Влеговме во несогледлив транзициски синдром во кој нема место за концентрација на „гневот" и отпорот на начин на кој тој би имал перспектива за темелни промени поврзани со слободата, правдата, солидарноста и благосостојбата. Отпорот во „добата на транзициите" добива амблемска, симболичка перформативност која нема капацитет за вредносна промена. А опортуните бранови на огорченост се претвораат во дебатни клубови. Овде и онде се појавуваат и по некои солидни и амбициозни политички проекти или мрежи од локално и регионално значење, но никаде не гледаме артикулирана визија и стратегија која би пружила радикално

преиначување на крикот и незадоволството од социјалната и културната ретроградност. Имајќи ја на ум постојаната транзиција, нео-либералната реалност што полека надоаѓа и социјалистичко минато на нашата земја, си го поставивме прашањето каде се наоѓаме и кон што се стремиме? Овие прашања ги поставуваме од точката која е во нашиот домен на интерес: интерсекцијата на Уметноста и Општеството, и сакаме да ги посматраме овие проблеми преку неколку различни кураторски и уметнички позиции. Свесни за овие различни темпоралности на егзистирање на социјално и политичко ниво, ние би сакале да придонесеме во социо-политичкиот пејзаж, како и да го изостриме нашето разбирање за улогата на Уметноста и Културата во општеството.
Потенцијалното количество страдања, беда и неправда би требало да предизвика отпор и гнев што би воделе до промена со десет пати посилен интензитет од оној во 1917 година, особено доколку ги имаме предвид многу подобрите можности на информирање од тогаш до денес. Сепак, огорченоста не покажува веќе артикулирана утопија која ќе нè извади од замката на втолпеноста. Радикалноста се сведе на ниво на проектно-естетски став, можеби филозофски хабитус, а го изгуби значењето на политичка стратегија. Критичкиот нагон му го остава приматот на билбордот, на масовно препознаениот популистички јазик, како место на кое се рекламира промената на светот.

На крај, со поставувањето па темата *Постојано во транзиција – заробеност во скршените огледала*, ние исто така сакаме од одредена аналитичка дистанца да ја искористиме можноста за нови промени во локалниот контекст, како можност

за одново обмислување на општеството и одговорноста на уметниците и културните работници за критичко промислување. Истовремено, не сакаме да ја изгубиме и глобалната слика, онаа на растечки популизам и регресивни политики, лажни вести и дискутабилни новинарски репортажи, како и растечката нееднаквост во нео-либералната реалност; како дел од директните предизвици за одржување на демократските вредности и принципи.
Оваа издание на КРИК, во духот на прашањата што ги отвора веќе поставената тема, конкретно ќе се застапува и за еден сегмент кој директно ја засега уметничката продукција – станува збор за критиката и критичката рефлексија. Без критика не може да има вистински исчекор, вистинска промена. Клучното прашање кое ќе се отвори со регионалната партнерска платформа *Светот околу нас – критичките ставови во регионот* е што претставува критиката денес, со акцент на критиката на уметничките практики и нејзината фрагментираност со процесите што ја условуваат нејзината трансформација.

*Од уредничките на фестивалот.*

# 13–17 ДЕКЕМВРИ 2017

# СЕМИНАРИ

**11:00 – 17:00**

Семинарска подготовка на колаборативниот перформанс **„ЗА НАСТАНУВАЊЕТО“** предводена од Дмитри Виленски, Олга Егорова, Оксана Тимофеева и Нина Гастева (колектив *Что делат*, Русија)

Сите ние транзитираме од една состојба на нештата и битието кон друга. Ништо не е фиксно, стабилно и засекогаш дадено. Сѐ се менува во овој свет, со динамика на возбуда или резигнација во однос на промената. Движењето од точката А до точката Б никогаш не е во директна насока, и кога некој заминува од точката А мали се шансите директно да стигне до точката Б. Најчесто завршува/застранува на некое друго место.

Од неодамна забележуваме одредена фетишизација на настанувањето/трансформацијата од страна на таканаречените прогресивни луѓе – при што процесот станува поважен од резултатот, да се биде различен и провокативен по секоја

цена е cool, идентитетот може да се смени во секој момент, флуидноста станува култ. Каде нè води оваа позиција? Дали стабилноста е проколната?
Мораме да признаеме дека ваквата позиција добро се совпаѓа со суштината на капитализмот – „сè што е цврсто се топи во воздухот". Затоа, во денешно време е тешко да изградиме какви било форми на отпор и да ги замислуваме формите на живот што не се заробени, ако сме заглавени во повеќе или помалку истата реторика на бескрајната трансформација, и на отфрлањето на каква било суштинска сила во општеството и луѓето. Ваквата состојба може да се смета и како проблем и како парадокс. Затоа, да се обидеме да се справиме со тоа!

Во тој случај, се прашуваме кои се можностите за спојување на настанувањето со резултатите од настанувањето? Која е нивната стратегија и тактика? Каков вид на свест треба да стекнеме, за да можеме да се избориме против промената на светот од страна на наративите на моќта, кои наметнуваат својата фиксирана и цврста слика за наличјето на борбата и јасни вредности за насоката на трансформација. Дали можеме да ги истражиме нашите облици на отпорот и нашата утопија за трансформацијата?

Низ петдневниот семинар и едукативните перформативни работилници, заедно со групата на учесници ќе се обидеме да ги истражиме и артикулираме овие теми, но и да отвориме многу други прашања поврзани со оваа проблематика. Нашите авантури ќе ги споделиме со публиката на **17 декември 2017** во Музејот на современа уметност – Скопје.

# 14–16 ДЕКЕМВРИ 2017

## 10:00 – 17:00

## Семинар за пишување критика во сферата на книжевната, визуелната и изведувачката уметничка продукција – **„СВЕТОТ ОКОЛУ НАС – КРИТИЧКИТЕ СТАВОВИ ВО РЕГИОНОТ“**, предводен од Антонија Летиниќ, Лука Остојиќ, Миха Келемина и Лара Плавчак

Загрижувачко е отсуството на критичка валоризација на уметничката продукција, како и едукација за користење техники и знаења за критичка аргументација и рефлексија на автори кои ќе ја бележат и вреднуваат современата уметничка и културна продукција во сите медиуми. Од една страна, станува збор за радикална и брза трансформација на медиумското поле, лесно забележлива во последните 40 години, катализирана од процесите на развој на новите технологии. Од друга страна, нејзината трансформација е условена и од самите процеси кои се случуваат во областа на уметничката продукција, а се карактеризира со интердисциплинарен пристап, потрага по нови форми, јазици, пристапи и платформи.

Семинарите кои ќе се одвиваат во рамки на регионалната партнерска платформа *Светот околу нас – критичките ставови во регионот* ќе се занимаваат со следните прашања: што претставува критиката денес, кои се процесите што ја условуваат нејзината трансформација, каде се наоѓа денес критиката, кому се обраќа, која е нејзината улога и како таа ги наоѓа своите нови форми и јазици, има ли за неа воопшто простор во јавната сфера, која е нејзината улога, на кој начин се прилагодува на брзиот развој на новите технологии и дали постојат можности за афирмација на нејзиното значење и видливост. Семинарите за критика ќе бидат со менторска поддршка од експерти за критика во сферата на книжевноста, изведбените и визуелните уметности. Учесниците на работилницата однапред ќе добијат детален распоред. Повикот за апликации е отворен за заинтересирани учесници во областа на книжевноста, визуелната и изведувачка критика.

# 14 ДЕКЕМВРИ
четврток
# 19:00

**Отворање на фестивалот:**
Министер за култура на Република Македонија Роберт Алаѓозовски

## 19:30 – 20:30

**Презентација на работата на колективот Что делат**

## 20:30 – 21:15

**„Вештерство и солидарност”**
– воведно предавање на Оксана Тимофеева

„Во одредени аспекти, револуцијата е чудо", рече Ленин. А, пак, Роланд Бур ќе прокоментира дека клучната идеја за Лениновата равенка на револуцијата и чудото е тензијата меѓу организацијата и спонтаноста, меѓу таканаречената партиска авангарда и спонтаноста на народот или масите, разбрана како супстанца која историски станува субјект. Организацијата и спонтаноста се два дијалектичко спротивставени термини, а она што се чини чудесно е нивната синтеза. Фокусирајќи се конкретно на нечовечките аспекти на револуционерните напори, јас ќе ги разгледам овие два термина во многу специфична форма – вештерство и солидарност.

## 21:15 – 21:50

Проекција на филмот **„Palace Square 100 Years After. Four Seasons of Zombie“ (2017)**

**15**
**ДЕКЕМВРИ**
петок
**20:00**
**21:30**

**„СВЕТОТ ОКОЛУ НАС – КРИТИЧКИТЕ СТАВОВИ ВО РЕГИОНОТ“** – разговор со локални и регионални куратори и критичари

Учесници: Миљенка Буљевиќ, Антонија Летиниќ, Лука Остојиќ, Лујо Парежанин, Весна Милосављевиќ, Лара Плавчак, Миха Келемина и Небојша Вилиќ.
Модератор: Владимир Јанковски

---

Оваа издание на КРИК, во духот на прашањата што ги отвора веќе поставената тема, конкретно ќе се застапува и за еден сегмент кој директно ја засега уметничката продукција – станува збор за критиката и критичката рефлексија. Без критика не може да има вистински исчекор, вистинска промена. Клучното прашање што ќе се отвори со регионалната партнерска платформа *Светот околу нас – критичките ставови во регионот* е што претставува критиката денес, со акцент на критиката на уметничките пратики и нејзината фрагментираност со процесите што ја условуваат нејзината трансформација. Од една страна, станува збор за радикална и брза трансформација на медиумското поле, лесно воочлива во последните 40 години, катализирана од процесите на развој на новите технологии. Од друга страна, нејзината трансформација е условена и од самите процеси кои се случуваат во областа на уметничката

продукција, а се карактеризира со интердисциплинарен пристап, потрага по нови форми, јазици, пристапи и платформи. Каде денес се наоѓа критиката, кому му се обраќа, која е нејзината улога и како таа ги наоѓа своите нови форми и јазици – се некои од прашањата на кои често се навраќаме и се обидуваме да ги држиме отворени во просторот на поширока јавна дискусија. Платформата *Светот околу нас – критичките ставови во регионот* е во партнерство со **kulturpunkt.hr** и **Kurziv** (Хрватска), **SEECult** (Србија) и **SCCA – Љубљана** (Словенија)

**16**
**ДЕКЕМВРИ**
сабота
**20:00**
**21:30**

## „ЕФЕКТ НА ПЕПЕРУТКАТА: ОД ВЕТУВАЊЕТО НА ИНСТИТУЦИОНАЛНАТА КРИТИКА ДО ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ НА АКТИВИСТИЧКАТА УМЕТНОСТ"

– воведно предавање на Сузана Милевска

## 20:45 – 21:30

**Модериран разговор со Сузана Милевска**

Познатата поетска, но и научна метафора од теоријата на хаосот: „ефектот на пеперутка" (според која минимални причини предизвикуваат големи ефекти), ја позајмувам со цел да поттикнам дискусија за важноста на даденото време за

анализа, разбирање и антиципирање на односите помеѓу почетните услови и следствено на тоа ирационалните ефекти како на пример на повиците за отпор, петиции или бојкоти во форма на говорен чин. Потешкотијата, но исто така и важноста на обидот за одредување на првичните услови и парадоксалните последици коишто може да ги има потписот – давањето на/ потпишувањето на сопственото име под одредена изјава, како и потенцијалот на другите слични уметнички проекти (што повикуваат на учество, соработка, „обратно зацелување", редистрибуција и одбивање или прекинување на инвестиција) како катализатори за општествени промени, ќе бидат дел од темите понудени како стимулација за поопшта дискусија во врска со односот помеѓу критичката и активистичката уметност.

Постои долга традиција на дихотомски дистинкции, па дури и конкуренција помеѓу звукот и сликата, гласот и пишувањето, шпекулацијата и изведбата (или моќта на дејствување (agency); и во филосифијата и во уметноста. Времето и различните институционални услови на исполнувањето одредуваат дали перформативните дела ќе бидат „прикладни" (успешни) чинови, исполнителни или убедливи (J. L. Austin), или едноставно ќе останат залудни, и / или само во областа на поетиката и спекулативноста. Тие можат да имаат дури и спротивен, па и катастрофален ефект и да бидат

предодредени на неуспех, токму поради измешаните јазични и визуелни пораки, без оглед на тоа колку слабо, со добра намера или наивно, било првичното замавнување на „крилјата на пеперутката". Меѓутоа, прашањето во врска со одговорноста на уметниците, веќе еднаш потврдена со чинот на потпишување на нивната припадност, поддршка и/или солидарност со една политичка опција/страна, останува релевантна за нивната идна уметничка пракса. Прашањето за тоа како секоја почетна акција влијае врз идниот развој на уметничката пракса и други загатки што произлегуваат од контекстот на долготрајната транзиција во општествата обележани со тековните конфликти и социо-политички промени, е мотивирано од многуте контрадикции во уметничките практики и кариери на уметниците кои го наджививаат краткиот век на секој револуционерен период.

# Биографии на учесниците:

**Антонија Летиниќ** (1979), главна и одговорна уредничка на порталот „Kulturpunkt.hr". Од 2000 година работи во бројни културни и уметнички организации во Загреб. Од 2004 до 2009 работи на фестивалот „Еуроказ" во одделот за односи со јавност, уредник на фестивалски материјали и публикации, а работи и на извршната продукција на фестивалот. Летиниќ е една од основачите на Здружението за развој на непрофитните медиуми „Немез" и членка на асоцијацијата „Курзив", во која ја има функцијата претседател. Од 2009 година работи во асоцијацијата „Курзив" како заменичка на главниот уредник на порталот „Kulturpunkt.hr" и води други проекти на оваа организација, меѓу кои е и едукативната програма. Пишува за списанија специјализирани за култура и изведувачки уметности и преведува од англиски и француски јазик.

---

**Весна Милосављевиќ** дипломирала новинарство на Факултетот за политички науки во Белград 1999 година. Професинално се занимава со новинарство од 1992 година, прво пишувала за неделникот „Студент", а потоа во новинарските агенции „Тањуг", „ФоНет" и „Бета", за кои известувала за главни политички и интернационални настани, вклучувајќи и вооружани конфликти. Работела како дописник на „Репортери без граници" за Србија и Црна Гора (2000-2007), и паралелно учествувала во повеќе програми за професионално усовршување во Берлин, Њујорк, Бостон и Вашингтон. Од крајот на

90-тите години фокусирана е на интернет и како ко-авторка учествувала во различни проекти поврзани со културата, уметноста, медиумите, вмрежувањето и слично. Една е од основачките на SEEcult.org , развојна, информативно-едукативна он-лајн платформа за култура и уметност. Во рамките на SEEcult.org го води „Порталот за култура на југоисточна Европа". Се занимава со кураторство и координација на различни проекти во областа на културата и уметноста, медиумите, културната политика и вмрежување.

---

**Лара Плавчак** (1987) дипломирала историја на уметност и културолошки студии. Во 2011 година го завршила училиштето за куратори и критичари на современата уметност, „Светот на уметноста", кое функционира како дел од Центарот за современи уметности SCCA – Љубљана. Помеѓу 2013 и 2014 година работи како ко-куратор на серија изложби на млади уметници во „Кино Шишка", а во 2016 година учествувала во серијата самостојни изложби во „Кино Шишка". Учествувала на изложби во галеријата „Плевник-Кронковска" во Цеље (2010/11), на „Кибла" во Марибор (2014), како и во „Салонот за уметност Савин" во Жалка (2014). Нејзини статии се објавени во  „Kinotečnik", „Dialogi", „Art Words Magazine", „Pogledi", „Tribuna", „AirBeletrina" и „Fotografija". Во периодот од 2015 до 2016 година работела со „KRAKEN", здружение  за промоција на лраткометражниот филм и фестивалот за краток филм во Љубљана „FeKK". Активна е во рамките на просторот за изложби и комерцијалната галерија „DobraVaga". Од 2016 година соработува и со „Светот на уметноста" и SCCA – Љубљана.

**Лујо Парежанин** (1987) работи како новинар во „Kulturpunkt" од 2017 година. Магистрирал на компаративна книжевност и во моментов е на докторски студии по литература, уметност, филм и култура во Загреб. Соработувал со Хрватската радио телевизија и работел во Министерството за култура, како и во музичко издаваштво. Објавува статии во „Зарез" и е уредник на студентскиот весник за литература, книжевна и културна теорија „к". Покрај редовното свирење музика, тој бил и дизајнер на звук за неформалниот современ танцов колектив „Шавови".

**Лука Остојиќ** (1987) е роден во Шибеник. Дипломирал и магистрирал социологија и компаративна книжевност на Филозофскиот факултет во Загреб. Од 2008 година работи како колумнист и новинар на книжевниот портал „Booksa.hr", а од 2014 година е главен и одговорен уредник на истиот портал. Во 2016 година работел како уредник на онлајн страниците на европската книжевна платформа „Литература преку границите". Во периодот меѓу 2013 и 2016 година бил главен и одговорен уредник на двонеделникот за култура „Зарез". Истовремено, работи како новинар, социјален коментатор, филмски критичар и говорник на порталот „Kulturpunkt.hr", за списанијата „Хрватска филмска хроника" и „Филмонаут" и за едукативната програма „Ниту да ниту не" на ХРТ. Од 2006 до 2011 година волонтерски го предводи средношколскиот дебатен курс во XVI гимназија во Загреб.

**Миљенка Буљевиќ** работи во полето на независната културна сцена од 2004 година. Сосновач на „Kulturtreger" и менаџер на литературниот клуб „Booksa" во Загреб. Од 2009 година е активна во локалната и националната културна политика, најпрво во *Alliance Operation City*, локална платформа за независни и младински организации во Загреб, каде била директор шест години, и потоа во националната мрежа на организации од независниот културен сектор *Clubture*, каде што е претседател од јуни 2016. Членка на управничкиот одбор на европската мрежа на списанија за култура *Eurozine* и повремено преведува од англиски јазик.

**Миха Келемина (1985)** е критичар, куратор, кој од 2016 година работи самостојно во областа на културата. Во 2010 година дипломирал на Катедрата за историја на уметноста на Факултетот за уметности во Љубљана. Во 2011 година се запишал во училиштето за кураторски практики и критичко пишување „Светот на уметноста", кое функционира како дел од Центарот за современи уметности SCCA – Љубљана. По завршувањето на обуката во SCCA – Љубљана, работел во архивата, во библиотеката, а подоцна и на порталот за видео уметност на компанијата „Дива Стејшн" (Diva Station). Во моментов е раководител на програмата „Светот на уметноста", на изложбата „Студио 6", како и на програмата за истражување. Еден е од основачите на „OFFRIR Association for Visual and Sound Art". Соработувал на проектот „Видео ѕид" со уметникот Пила Русјан, а од 2013 година е и соработник на редакцијата за култура и хуманистички науки на „Радио Студент", каде што бил уредник на шоуто „Уметничка-област" (Art-Area).

**Д-р Сузана Милевска** е теоретичарка и кураторка на визуелна уметност и култура од Македонија, а моментално е вработена како главен истражувач/ка Политехничкиот универзитет во Милано за проектот „TRACES" од програмата „Horizon 2020". Нејзините теориски и кураторски интереси ги покриваат постколонијалната критика на хегемонистичките режими на моќта на претставување, феминистичката уметност и родовата теорија, партиципативните и колаборативни уметнички практики. Докторските студии по визуелна култура ги завршила на колеџот Голдсмитс во Лондон. Во 2004, Милевска е добитничка на стипендијата Фулбрајт за нејзиниот истражувачки проект во Конгресната библиотека во Вашингтон на темата „Репрезентација на жените-имигрантки од Балканот во раната американска фотографија". Во 2010 Милевска ја издава книгата *Родови разлики на Балканот* (Saarbrucken: VDM Verlag, 2010) и ја уредува *Машината за преименување: Книгата* (Љубљана: П.А.Р.А.З.И.Т. Институт, 2010). Во 2011 станува истражувачка во проектот „Повикајте го сведокот" – Ромски павилјон на 54 Меѓународна уметничка изложба – Венециското Биенале – колатерален настан и ги курира изложбите „Повикајте го сведокот", „БАК", „Утрехт" и „Ромскиот протокол" во австрискиот Парламент. Во 2012 ја добива наградата „Алис" за политичко кураторство и наградата за култура и теорија „Игор Забел". Во периодот меѓу 2010 и 2012 година е професорка по историја на уметност и теорија на уметности на Факултетот за ликовна уметност во Скопје, додека во 2013 година предава визуелна култура и род на Институтот за родови студии во Скопје. Во периодот од 2013 до 2015 година, Милевска била првата професорка по Централноевропска и јужноевропска историја на уметност на Академијата за ликовни уметности во Виена.

**Небојша Виликј (Велес, 1962)**,
[nvilic@ukim.edu.mk] е историчар на уметноста и редовен професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**Оксана Тимофеева** е доцент на Европскиот универзитет во Санкт Петерсбург и виш научен соработник на институтот за филозофија на Руската академија на науките во Москва. Таа е член на уметничкиот колектив „Что Делат?"(Што да се прави?) како и заменик уредник на списанието „Стасис". Автор е на две книги *Историја на животните* (Јан Ван Ајк, 2012; Москва, 2017; Блумсбери, 2018) / History of Animals (Jan van Eyck, 2012; Moscow, 2017; Bloomsbury, 2018) и *Вовед во еротската филозофија на Жорж Батаиј* (Москва, 2009) / Introduction to the Erotic Philosophy of Georges Bataille (Moscow, 2009).

***Что делат* (Што да се прави)** е колектив на уметници, критичари, филозофи и писатели од Санкт Петерсбург, Москва и Нижни Новгород, чија цел е да ги спои политичката теорија, уметноста и активизмот. Групата е формирана во 2003 година.

Името на колективот се поврзува со првата организација на социјалистичкиот работник во Русија, која Ленин ја актуализира во сопствената публикација: *Што да се прави?* (1902). Колективот, како заедница која се занимава со организација на културни активности, но и политизација на „продукцијата на знаења" од 2003 година започнува со издавање на англиско-руски весник, фокусиран на актуелни прашања од руската културна политика, во корелација со меѓународните настани.

*Что делат* се застапуваат за еднаквост на сите луѓе, притоа борејќи се против различните форми на патријархатот, хомофобијата и родовата нееднаквост. Своите идеи ги пренесуваат преку широка уметничка продукција: филмови, театарски претстави, радио-рограми, мурали, како и проекти, јавни кампањи и семинари. Главно се фокусирани на отфрлањето на сите форми на угнетување, вештачко отуѓување на луѓето, како и нивно искористување и експлоатација. Тие инсистираат на еднаква распределба на природните ресурси и богатството произлезено од човековиот труд, со цел благосостојба за сите.

Делата на колективот се карактеризираат со надреална сценографија, употреба на ефект на отуѓување, но најмногу со аналитички пристап на конкретни социјални и политички проблеми. Сите овие активности се координирани од јадрото на групата составено од: Цапља Олга Егорова (уметник), Артиом Магун (филозоф), Николај Олејников (уметник), Наталија Першина / Глуклаја (уметник), Алексеј Пензин (филозоф), Александар Скидан (поет и критичар) Оксана Тимофеева (филозоф), Дмитри Виленски (уметник) и Нина Гастева (кореограф).

*Издвоени изложби:*

*On the Possibility of Light*, KOW BERLIN (самостојна изложба) (2017), *The Excluded. In a moment of danger*, Сао Паоло Биенале (2014), *Art, Really Useful Knowledge*, Museo Nacional Centro de Arte Reina Sofía, Мадрид, (2014); *Art Turning Left: How Values Changed Making 1789–2013*, Tate Liverpool, Ливерпул, (2013); *FORMER WEST: Documents, Constellations, Prospects*, Haus der Kulturen der Welt, Берлин, (2013); 10th Gwangju Biennale, Квангџу, (2012); *Chto Delat in Baden-Baden*, Staatliche Kuntsthalle, Баден-Баден, (2011); *Chto Delat Perestroika: Twenty Years After: 2011–1991*, Kölnischer Kunstverein, Келн (2011).

# Тим:

**Александра Бубевска** е новинарка. Таа е автор на бројни телевизиски емисии од областа на уметноста, културата и културните политики во периодот помеѓу 1996-2011 година, како уредник на редакцијата за култура на „А1 Телевизија". Бубевска работела како уредник за култура во дневниот весник *Ден* (2012), како репортер и новинар во веб телевизијата „Нова" (2013) и како новинарка во информативниот портал „А1он" (2013-2016). Заедно со Мируше Хоџа, Бубевска е авторка на книгата *Женската страна на приказната: лични приказни за конфликтот во Македонија* – Скопје, Евробалкан Прес, 2006.

**Елена Вељановска** е независна кураторка од Скопје, Македонија. Во 2006 година дипломирала на Факултетот за Историја на уметност со археологија во Скопје. Во периодот од 2003 до 2006 година работи во „Културниот центар Точка" во Скопје. Во 2006 ја формира LINE I+M платформата за уметност на нови медиуми и технологија. Во 2009 работи како гостин куратор во галеријата „Stedefreund"во Берлин и како ко-куратор на Македонскиот павилјон на 53 Интернационална уметничка изложба во Венеција. Од 2012 па наваму е активно вклучена во формирањето на ЈАДРО – асоцијација на независната културна сцена. Во моментов работи како извршен директор и програмски соработник во Контрапункт, Скопје. Живее и работи на релација Берлин – Скопје. [http://veljanovskaelena.weebly.com/]

**Ребека Велјановска (1992, Скопје).** Во 2013 година дипломира на University College Roosevelt, во Миделбург, Холандија, насока хуманистички науки. Во 2017 година магистрира на Leiden University, во Лајден, Холандија, насока филозофија на хуманистички науки. Нејзината магистерска теза е на темата: „Симетријата и другоста: за интеракцијата со Другиот кај Алберт Ками и Емануел Левинас". Нејзин потесен интерес е пресекот на литературата и филозофијата, со аспект на етичката димензија во односот кон другиот. Во моментов стажира на Универзитетот Американ Колеџ во Скопје и во „Контрапункт". Живее во Лајден, Холандија.

**Искра Гешоска** е основач и претседател на Контрапункт – асоцијација за развој на критичка теорија, социо-културен активизам и современи културни практики. Нејзиниот фокус е развојот на критичкото мислење и критичките теории, како и односот на уметничките практики и политичкото. Во периодот од 2002 до 2010 била директорка на независниот „Културен центар Точка". Вклучена е во процесите на заговарање на локално, на национално и на регионално рамниште за политичка релевантност на независниот културен сектор. Во периодот од 1998 до 2008 година била уредник во издавачката куќа „Темплум" и во списанието „Маргина". Објавува трудови во сферата на критичката теорија, изведувачките уметности, визуелните уметности и културните политики.

**Владимир Јанковски (1977)** е писател, преведувач и уредник. Дипломирал на Катедрата за општа и компаративна книжевност на Филолошкиот факултет во Скопје. Работел во неколку издавачки куќи и во „Културниот центар Точка". Објавил 5 книги, од кои два романи.

**Јана Коцевска** дипломирала на Институтот за етнологија и антропологија, на Природно-математичкиот факултет во Скопје, во 2012 година. Од 2011 година почнува активно да дејствува во областа на женските права како дел од неформалната група *Тиииит! Инк.* Таа е организаторка на фестивалот за феминистичка култура, *Прво па женско*, Скопје (2013-2016). Една од основачите на Центарот за истражување на национализмот и културата (ЦИНИК), кој има за цел да го разбере, објасни и да покрене свесност за развитокот на национализмот во балканскиот регион, за комплексните односи со културата воопшто и неговото влијание на балканските општества.

**Тијана-Ана Спасовска (1995, Скопје)**. Студент по историја на уметност, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје. Еден семестар од студирањето поминала на студентска размена ЕРАЗМУС при Љубљанскиот Универзитет, Љубљана, Словенија. Активен член е на студентското археолошко здружение „AXIOS" - Скопје, кое се занимава со теми од археологијата и историја на уметноста. Има интерес за подготовка и дизајн на изложби и музејски поставки. Во моментов стажира во ЗГ Контрапункт.

# ИМПРЕСУМ

КРИК
КОНФРОНТАЦИЈА
КРИТИКА РЕАКЦИЈА ИДЕЈА
ФЕСТИВАЛ ЗА КРИТИЧКА КУЛТУРА

## 13.12 – 17.12.2017

Постојано во транзиција – заробеност во скршените огледала

Музеј на современа уметност – Скопје

Фестивалот е отворена платформа за развој на критичка култура придвижена од **Контрапункт** – асоцијација за развој на критичка теорија, социо-културен активизам и современи културни практики.

Интегрален дел од оваа платформа во 2017 и 2018 година, преку програмите во сегментот насловен како платформа *Светот околу нас – критиката во регионот*, се партнерските организации **kulturpunkt.hr** и **Kurziv** (Хрватска), **SEECult** (Србија) и **SCCA – Љубљана** (Словенија)

**Реализација на фестивалот:**
Програмски уреднички:
Искра Гешоска и Елена Вељановска
Програмски асистентки и логистика: Тијана-Ана Спасовска, Ребека Велјановска
Односи со јавност и комуникација: Александра Бубевска
Проширен програмски тим: Јана Коцевска, Владимир Јанковски, Ивана Наќиќ

**Платформа *Светот околу нас – критиката во регионот***
Програмски уредник: Антонија Летиниќ

**Каталог:**
Уредување на каталогот: Владимир Јанковски
Текстови: Искра Гешоска, Елена Вељановска, *Что делат*, Антонија Летиниќ
Лектура и превод на англиски јазик: Ребека Велјановска
Превод на македонски јазик: Тијана-Ана Спасовска
Тотал дизајн: КОМА

Работата на КОНТРАПУНКТ во 2017 и 2018 е финансиски поддржана од **Фондација отворено општество – Македонија**.

Контрапункт и КРИК – фестивал за критичка култура се поддржани од: **Фондација отворено општество** – **Македонија**, **Гете-институт Скопје**, **Фондацијата Култура нова** од Хрватска**, Фармахем** и **Министерство за култура на Република Македонија**

Логистички партнери на фестивалот се: **НУ Музеј на современа уметност** – **Скопје** и порталот **окно.мк**

Постојани стратешки партнери на Контрапункт и на КРИК се: **МаМа** од Загреб и **kuda.org** од Нови Сад.

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

GOETHE INSTITUT

Zaklada Kultura nova

ФАРМАХЕМ PHARMACHEM

Министерство за култура
Ministry of Culture

# МОИ КРИТИЧКИ ЗАБЕЛЕШКИ